**20241702962**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за здравствената заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 август 2024 година.

Бр. 08-4043/1
13 август 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 93/17 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24 и 74/24), во член 39-а во ставовите (2) и (11) зборовите: „Медицинскиот директор“ се заменуваат со зборот „Директорот“.

Член 2

Во член 39-в став (1) во точката 2) зборовите: „медицинскиот директор“ се заменуваат со зборот „директорот“.

Член 3

Во член 39-е во ставот (4) по зборот „директорот“ запирката и зборовите: „односно директорите“ се бришат.

Член 4

Во член 91-а во ставот (1) по зборот „директорот“ запирката и зборовите: „односно директорите“ се бришат.

Член 5

Во член 92-б во ставот (2) по зборот „Директорот“ запирката се брише, зборовите: „односно директорите на јавната здравствена установа се должни“ се заменуваат со зборовите: „на јавната здравствена установа е должен“, а зборот „користат“ се заменува со зборот „користи“.

Член 6

Во членот 92-в во ставот (1) зборовите: „Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да овозможат“ се заменуваат со зборовите: „Директорот на јавната здравствена установа е должен да овозможи“.

Во ставот (3) зборовите: „Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да ја одржуваат“ се заменуваат со зборовите: „Директорот на јавната здравствена установа е должен да ја одржува“.

Во ставот (4) зборовите: „Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни медицинската опрема која е неисправна да ја доведат“ се заменуваат со зборовите: „Директорот на јавната здравствена установа е должен медицинската опрема која е неисправна да ја доведе“.

Во ставот (5) зборовите: „Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да достават“ се заменуваат со зборовите: „Директорот на јавната здравствена установа е должен да достави“.

Во ставот (6) зборовите: „Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да обезбедат“ се заменуваат со зборовите: „Директорот на јавната здравствена установа е должен да обезбеди“.

Член 7

Насловот на членот 105 и членот 105 се бришат.

Член 8

Насловот на членот 109 и членот 109 се бришат.

Член 9

Во член 164 во ставот (1) по зборот „директорите“ запирката и зборовите: „односно надлежниот директор“ се бришат.

Во ставот (3) зборовите: „директорите, односно“ се бришат.

Член 10

Во член 179-б во ставот (3) зборовите: „директорите на јавната здравствена установа во која е вработен докторот на медицина, докторот на стоматологија или фармацевтот на терцијарно ниво се должни да ги обезбедат“ се заменуваат со зборовите: „директорот на јавната здравствена установа во која е вработен докторот на медицина, докторот на стоматологија или фармацевтот на терцијарно ниво е должен да ги обезбеди“.

Член 11

Во член 193-а во ставот (1) по зборот „директорот“ запирката и зборовите: „односно директорите“ се бришат.

Во ставот (4) по зборот „директорот“ запирката и зборовите: „односно директорите“ се бришат.

Во ставот (6) по зборот „Директорот“ запирката се брише, а зборовите: „односно директорите на јавната здравствена установа се должни да му одговорат“ се заменуваат со зборовите: „на јавната здравствена установа е должен да му одговори“.

Во ставот (7) по зборот „директорот“ запирката се брише, а зборовите: „односно директорите на јавната здравствена установа ќе ги преземат“ се заменуваат со зборовите: „на јавната здравствена установа ќе ги преземе“.

Член 12

Во член 219 во ставот (3) по зборот „директорот“ запирката и зборовите: „односно директорите“ се бришат.

Член 13

Во член 222 во ставот (10) по зборот „директорот“ запирката и зборовите: „односно директорите“ се бришат.

Член 14

Во член 226-а во ставот (5) зборовите: „во која има еден директор, односно до организацискиот директор во јавната здравствена установа во која има двајца директори“ се бришат.

Член 15

Во член 239-б во ставот (1) зборовите: „Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се одговорни“ се заменуваат со зборовите: „Директорот на јавната здравствена установа е одговорен“.

Во ставот (2) зборовите: „Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да организираат и обезбедат“ се заменуваат со зборовите: „Директорот на јавната здравствена установа е должен да организира и обезбеди“.

Во ставот (3) зборовите: „Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се одговорни“ се заменуваат со зборовите: „Директорот на јавната здравствена установа е одговорен“.

Член 16

Во член 312 во ставовите (7) и (8) зборовите: „медицинскиот директор“ се заменуваат со зборот „директорот“.

Член 17

Во член 313-а став (1) во точката 2) зборовите: „медицинскиот директор“ се заменуваат со зборот „директорот“.

Во став (3) во точката 20) запирката и зборовите: „односно директорите на јавната здравствена установа не организираат и не обезбедуваат“ се заменуваат со зборовите: „на јавната здравствена установа не организира и не обезбеди“.

Член 18

Постојните јавни здравствени установи здравствен дом со над 1.000 вработени, универзитетски клинички центар, универзитетска клиника, клиничка болница, универзитетски институт и институт, ќе ги усогласат статутите, актите за систематизација на работните места и своето работење со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 19

Мандатот на постојните организациски директори на јавните здравствени установи здравствен дом со над 1.000 вработени, универзитетски клинички центар, универзитетска клиника, клиничка болница, универзитетски институт и институт и вршителите на должноста организациски директор на овие јавни здравствени установи, именувани до денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во постојните јавни здравствени установи здравствен дом со над 1.000 вработени, универзитетски клинички центар, универзитетска клиника, клиничка болница, универзитетски институт и институт, ќе се именува вршител на должноста директор, кој ќе ја врши должноста вршител на должност директор, согласно со членот 104 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24 и 74/24), во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постојните медицински директори на јавните здравствени установи здравствен дом со над 1.000 вработени, универзитетски клинички центар, универзитетска клиника, клиничка болница, универзитетски институт и институт и вршителите на должноста медицински директор на овие јавни здравствени установи, именувани до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ја вршат должноста како директор, односно вршител на должноста директор, согласно со членот 104 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24 и 74/24), до именувањето на вршител на должност директор согласно со ставот 2 на овој член.

Член 20

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за здравствената заштита.

Член 21

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.